# ПЕНЗИОНЕРСКИ *видици*

НОВА МАКЕДОНИЈА Број 57, **Четврток,** 13.10.2016

СЗПМ
**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**


ПЕНЗИОНЕРИ ОД СЗПМ УЧЕСНИЦИ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА 2016 ВО ЉУБЉАНА, СЛОВЕНИЈА

## Уште еден успешен настап на македонските пензионери

Традиционално, веќе по седми пат пензионери од Македонија учествуваат во активностите на Фестивалот за трета животна доба (ФЗЖД) во Љубљана, Словенија, кој се организира по повод Меѓународниот ден на стари лица - 1 октомври. Во рамките на годишната програма за меѓународна соработка и во согласност со добрите службени и пријателски односи со Сојузот на здруженијата на пензионери на Словенија, делегација од СЗПМ заедно со културно-уметничките друштва од ЗП-Битола и ЗП-Демир Хисар, како најдобро оценети на Републичката ревија на песни, музика и игри во 2016 година, беа учесници во богатата и разновидна програма на овој фестивал.



Делегацијата на СЗПМ предводена од претседателот Драги Аргировски, заедно со Томе Илиоски, претседател на ЗП-Битола, Пере Петрески, претседател на ЗП-Демир Хисар, Ристо Трајкоски, член на ИО на СЗПМ од Охрид, Илија Глигоров, член на комисијата за меѓународна соработка при СЗПМ и Томче Стојков, селектор и режисер, во Љубљана оствари неколку значајни средби со раководни органи и поединци од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија (кој на словенечки јазик ја користи кратенката ЗДУС) и со други државни и невладини институции. На овие средби особено стана збор за меѓусебната билатерална и поширока соработка во областа на пензионерската проблематика. Се разговараше за заложбите и искуствата во унапредувањето на статусот и стандардот на пензионерите во двете држави во рамките на европските насоки. Остварен е и прием и разговор со претседателот на владата на Словенија, д-р Миро Церар, кој искажа големи пофалби за континуитетот на заемната досегашна соработка помеѓу двата сојуза и за седумгодишното активно учество во програмите на Фестивалот во Љубљана. Делегацијата ја прими и Јанез Сушник, претседател на ЗДУС, заедно со неговите соработници, при што се разговараше за повеќе актуелни теми од активностите и организацијата на двата сојуза на пензионери. Беше речено дека и во пензискиот фонд на Словенија е присутен проблемот со недостиг од средства за месечна исплата на пензии, па поради тоа се зголемува трансферот на финансии од буџетот на државата. Се разговараше за партнерство во повеќе меѓународно-финансирани проекти преку кои ќе се добијат поволности за пензионерското живеење. Претседателот на СЗПМ ја повтори иницијативата за организирање и одржување Балкански пензионерски фестивал на песни, музика и игри, кој би се одржал во Скопје со партнерство со повеќе земји од регионот. Во разговорите големо значење се даде на развојот на меѓународната соработка на двата сојуза. За зоггатување на оваа соработка особено се заложија претседателката на комисијата за меѓународна соработка на ЗДУС, Јожица Пухар и членот Марјан Шифтар, кои се и поранешни амбасадори на Република Словенија во нашата држава. Македонската делегација организираше одделна средба на која беа доделени плакети и пригодни подароци од СЗПМ по повод 70-годишнината на нашиот сојуз. Претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, официјално им врачи плакети и книги „Аргументите ја осветлуваат вистината“ на: Антон Донко, поранешен претседател на ЗДУС, Андреј Јус, потпретседател на претседателството на ФЗЖД и на Марјан Шифтар, потпретседател за меѓународна соработка. Со нив СЗПМ успешно соработува скоро една деценија. На оваа средба присуствуваше и сегашниот директор на Фестивалот, Тихомир Ковачиќ, кој го овозможи престојот во Љубљана со потребната финансиска поддршка. Во пријатна атмосфера и другарување, во оваа пригода својата благодарност и одушевување од учеството на Фестивалот ја искажаа Томе Илиоски и Пере Перески во името на здруженијата кои ги претставуваат. Во рамките на Фестивалот се одржа свечена академија по повод 70-годишнината на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија, на која пригодни обраќања имаа претседателот на ЗДУС, Јанез Сушник и претседателот на владата и покровител на академијата, д-р Миро Церар. На свечената академија присуствуваа и претставници од македонската делегација.

Особен белег во активностите на Фестивалот остави учеството на културно-уметничките друштва од ЗП-Битола со хорот „Сирма Војвода“ и од ЗП-Демир Хисар со игроорната група. Тие беа единствените странски учесници на осмата Вечер на песни и игри. Нивните настапи ја одушевија многубројната публика во Линхартовата концертна сала во Цанкаревиот дом. Силен впечаток друштвата оставија и со уметничките програми кои ги изведоа на отворена сцена во два термина. Како и претходните години, традиционално и оваа година македонските културно-уметнички друштва одржаа концерт во старскиот дом „Фужине“ во Љубљана. Корисниците на овој дом беа одушевени од програмата и од изведбата. На крајот некои од нив го заиграа македонското оро заедно со игроорците. Како награда за вложениот труд и многу успешното претставување на македонските песни и игри, сите учесници од Република Македонија добија бесплатно разгледување на Љубљана со туристички автобус, како и излет и разгледување на Блед, Опатија и Риека, што ќе им остане во долго сеќавање.

Илија Глигоров






**СЕДУМДЕСЕТ ГОДИНИ ОД ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ**

# Признанијата беа примани со гордост













На свечената академија по повод одбележувањето на 70-годишниот јубилеј на пензионерското организирање, претседателот на РМ, Ѓорге Иванов, на 16 септември 2016 година, во Домот на АРМ, честитајќи му го празникот на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, лично му врачи „Повелба на Република Македонија“ за Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Ова највисоко државно признание првпат се доделува за седумдецениското постоење на Сојузот и значи гордост и награда за повеќегодишното успешно работење на СЗПМ, како најмногубројна невладина, неполитичка и мултиетничка организација во Македонија. Во оваа пригода честитки до СЗПМ беа упатени и од присутните претставници на државата и од локалните самоуправи и гости од сојузите на здруженијата на пензионерите, од невладини организации и од институции од Република Македонија и од странство.

Со своето присуство прославата на 70-годишниот јубилеј на СЗПМ ја удостоија и дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на ССМ, Живко Митревски, генералниот секретар на Црвениот крст на РМ, Саит Саити и градоначалниците на општините Ѓорче Петров, Илинден и на Петровец, а од странство, потпретседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Словенија, Јоже Жнидарич, претседателот на Сојузот на синдикатите на Албанија, Кол Николај во придружба претседателот Аниса Субаши. На двајцата високи гости и претставници од Словенија и од Албанија, на пригодната свеченост во ресторанот „Ханибал“ во Скопје, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски им врачи плакети на СЗПМ со порака за натамошно продолжување и збогатување на соработката со двата сојуза. Заблагодарувајќи се на признанието, Јоже Жнидарич во името на Сојузот на пензионерите на Словенија на претседателот Драги Аргировски му врачи благодарница од СЗП на Словенија, а истовремено му подари уметничка слика со мотиви од словенечкото поднебје. Исто така, голема благодарност и честитки за јубилејот упати и Кол Николај, претседател на Конфедерацијата на албанските синдикати, во чии рамки функционира и пензионерската организација. Поздравни телеграми на свеченоста беа прочитани и од претседателите на Сојузите на здруженијата на пензионери од Србија и од Црна Гора, Ѓуро Периќ и Бранко Вешовиќ, како и од досегашниот претседател на ЗДУС, Антон Донко.



На свечената средба, големиот јубилеј на сите пензионери од Република Македонија им го честиташе дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов, кој лично и во името на наградените со пригодни зборови се заблагодари на признанијата.

Секогаш со задоволство присуствувам на манифестациите и активностите кои ги организира Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. И во оваа пригода сакам да ја истакнам нашата соработка. Министерството и во иднина ќе покренува проекти и програми од интерес на пензионерите и ќе ја продлабочува соработката. Од името на сите наградени се заблагодарувам за честа што ни ја направивте, доделувајќи ни признание за стореното и од срце ви ги честитам големиот јубилеј и високата награда „Повелба на Република Македонија“ со која бевте одликувани од претседателот на државата, д-р Ѓорге Иванов. Вие ја заслужувате оваа награда како најактивна, најмасовна, невладина организација. Ви посакувам уште многу награди, јубилеи, многу здравје и активно исполнето стареење - рече, покрај другото, Спасов.

По повод 70-годишниот јубилеј на СЗПМ, на истакнати личности, институции, на градоначалници и локални самоуправи, на здруженија на пензионери, на претседатели на ЗП и на многу други активисти им беа доделени вкупно 258 признанија, од кои 96 плакети и 162 благодарници. Видно возбуден и среќен, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, на сите наградени поединечно им честиташе, посакувајќи им уште подобри успеси во иднина.

Почитувани, имам чест и задоволство како потсетување на многу успешната соработка во интерес на пензионерите и за создавање меѓугенерациска соработка, најпрвин плакета да му врачам на Диме Спасов, неколкугодишен министер за труд и социјална политика и сегашен дополнителен заменик-министер. Меѓу добитниците на плакети се и имињата на 22 градоначалници кои имаат голем придонес во развивањето на соработката со здруженијата на пензионерите, а особено во отворањето клубови и поддршка за други активности. Во наша средина се градоначалниците Жика Стојановски и Борче Митевски, ги поздравувам и ги повикувам свечено да ги примат признанијата - рече претседателот Аргировски.

На крајот, јубилејот на сите пензионери на свој начин, со слика од „цвеќето на мирот“ им го честиташе и познатиот ликовен уметник и хуманист Живко Поповски-Цветин. Прославата се слеа во заедничко дружење со меѓусебни честитки и забава.

**Мендо Димовски**

ЗП-БИТОЛА

# Државната награда „Мајка Тереза“ за д-р Димитар Котевски



Прим. д-р Димитар Котевски е роден во 1926 година во Битола. Доајен е на модерното македонско здравство, особено во офталмологијата. За неговото име се врзани многу значајни настани. Со својот труд во градењето на кариерата се стекнал и оставил траен белег за еден животен период. Во својот работен век извршувал најголеми значајни функции во Македонија и во поранешната заедничка држава. Како директор на Битолската болница е главен носител и организатор за изградба на Клиничката болница во Битола. Во два мандати е и директор на болницата во Бенгази, во Либија. Активен на своето работно место како офталмолог, со својата хумана работа е пример како се работи и како им се помага на болните луѓе. Ценет лекар, професор и граѓанин, д-р Димитар Котевски е и почесен претседател на Сојузот на слепи лица во Македонија и доживотен почесен претседател на Македонското научно друштво од Битола. Има добиено многу признанија и награди кои, на нему својствен начин, ги донира на лица со посебни потреби.

Нема позната мерка за хуманоста. Но огромен број граѓани на Битола во д-р Димитар Котевски ја препознаваат големината на хуманоста во секој поглед. Како потврда ја посочуваме 2011 година, кога самиот ја формира и хуманитарната фондација „Д-р Димитар Котевски“, со исклучителна намена за помагање и поттикнување повисоки стандарди и резултати кај младите медицински сестри и сестри кои работат во Клиничкиот центар во Битола и Македонија, а во служба на здравјето на луѓето.

Најхуманата награда, државната награда „Мајка Тереза“ за 2016 година му припадна на прим. д-р Димитар Котевски. Одборот за доделување на оваа награда, согледувајќи ги хуманитарните активности во текот на работниот век на д-р Димитар Котевски и активностите потоа, одлучи оваа престижна награда да му ја врачи токму нему. Врачувањето на наградата се одржа во кристалната сала на Собранието на Република Македонија.

- Ми прави особена чест да бидам добитник на една ваква награда која го носи името на најголемата хуманистка на светот. Колкава е нејзината хуманост и кои граници ги досегнува, покажува фактот што е прогласена за светица - истакна д-р Котевски.

Средствата што се доделуваат со наградата, прим. д-р Димитар Котевски ги донира за слепите лица на Македонија, за жителите на поплавените подрачја во Скопско и за унапредување на списанието „Македонско сестринство“.

Од директорот на спомен-куќата „Мајка Тереза“, Рената Кутар Здравкова, на добитникот на наградата му беше врачен и златник со ликот на Мајка Тереза.

Добре Тодоровски

ЗП-ГАЗИ БАБА

# Зголемена активност на Активот на пензионерки



Активот на пензионерки при ЗП-Гази Баба е еден од поактивните во рамките на СЗПМ. Предвидените активности со програмата за работа непрекинато и успешно ги реализира и постигнува забележителни резултати. За сето тоа најмногу заслуги има претседателката на Активот, Магдалена Спировска, која со особена одговорност и посветеност ги извршува задачите од нејзина надлежност. Таа при работата дава иницијативи и ги осмислува и збогатува содржините во дејствувањето на Активот.

Од работата на пензионерките, Спировска, меѓу другото, ги презентираше актуелните состојби и постигнатите резултати во изминатиот период, кои минаа во знакот на 70-годишнината од пензионерското здружување. Со голем број успешно реализирани задачи, Активот се издвојува и вбројува меѓу најактивните во земјата. Тој има одлична соработка со активи на пензионерки од другите здруженија и градови, со кои има постојани контакти и остварува заеднички активности. Има реализирано повеќе хуманитарни акции, екскурзии во земјата и во странство, а особено е значајно учеството на пензионерките на регионалните и на републичките спортски натпревари и на фолклорните ревии на песни, музика и игри.

Во организација на Активот на пензионерки од ЗП-Гази Баба се одржа и средбата на околу 270 пензионерки и пензионери во ресторанот „Ханибал“ во Скопје, на 30 септември 2016 година, која беше во знакот на одбележување на верскиот празник Вера, надеж и љубов. Овој празник пензионерките од ЗП-Гази Баба го слават како Ден на Активот. На средбата по тој повод гости на ЗП-Гази Баба им беа активите на пензионерките од ЗП: Струмица, Битола, Прилеп, Кичево, Тетово, Радовиш и Конче, Охрид и Дебрца, Солидарност-Аеродром, Карпош, ОВР-Скопје и Воени пензионери-Скопје. Гостите ги поздрави и средбата ја отвори потпретседателката на Активот, Стојна Тодоровска, а за значењето на празникот зборуваше претседателката Магдалена Спировска. Искажувајќи благодарност за учеството на средбата и успешната повеќегодишна соработка, Спировска на претседателките на активите од ЗП-учесници на прославата им врачи пригодни подароци. Средбата заврши со музика и повеќечасовно заедничко дружење.

Васил Пачемски

ЗП-ВИНИЦА

# Собир на пензионерите кај манастирот „Свети Спас“ во Драгобраште

Во организација на здружението на пензионери од Виница, на 13 септември 2016 година во манастирскиот комплекс „Вознесение Христово - Свети Спас“, во селото Драгобраште, Виничко, се одржа голем собир на пензионерите од Источна Македонија, на кој присуствуваа околу 2.000 пензионери од 8 пензионерски здруженија. Средбата беше помогната од локалната самоуправа и од црковниот одбор на манастирот.

Во манастирскиот двор имаше место за сите посетители дојдени од разни краеви на Македонија. Тие, низ заедничка дружба и веселба во зелениот раскош на убавиот манастирски амбиент, го прославија празникот на манастирот.

Особено ме радува што како организатори успеавме да ги угостиме сите присутни на овој пензионерски собир, кој станува традиционален, а е поврзан со осветувањето на манастирот, кој е граден на темелите на старата манастирска зграда од минатиот век. Традицијата на манастирско собирање ја продолжуваме ние пензионерите од повеќе градови на Македонија - изјави Драган Петков, претседател на здружението на пензионери од Виница.



Присутните на средбата ги поздрави и градоначалникот на општината Виница, Емил Дончев, кој искажа благодарност до пензионерите што на ваков начин ги искажуваат сплотеноста и единството во дружењето и негувањето на пријателството, но и придонесуваат за афирмација на виничкиот крај и неговите убавини. Соборот кај Драгобраште, рече тој, е вистинска потврда за ова.

Годинашната средба, истакна Петков, се совпаѓа и со одбележувањето на 70-годишнината од постоењето на пензионерското организирање во Македонија, со што виничките пензионери даваат свој придонес во одбележувањето на големиот пензионерски јубилеј.

Киро Герасимов

ЗП-КАВАДАРЦИ

# Пензионерите пееја



Здружението на пензионери од Кавадарци беше домаќин на манифестацијата „Пензионерите пеат“. Кавадарчани како и секогаш се покажаа во одлично светло, како успешни домаќини. Манифестација на едно место ги собра пензионерите од здруженијата од целиот Вардарски регион, заедно со здруженијата од Прилеп и од Битола. Со оваа манифестација пензионерите го одбележаа и големиот јубилеј, 70 години од пензионерското организирање во Македонија. Прекрасните гласови на гостите дојдени од повеќе градови се слушаа низ полната сала во домот на културата „Иван Мазов Климе“ во Кавадарци.

- Особено задоволство е што токму ние сме домаќини на овој јубилеен настан на кој учествуваат вкупно 11 културно-уметнички друштва, пејачки групи и солисти. На манифестацијата учествуваат пејачките групи од здруженијата од Битола, Прилеп, Велес, Неготино, Демир Капија, Богданци, Гевгелија и од Кавадарци. Ваквите манифестации за нас пензионерите значат продолжување на животот, радост, дружење и пријателство. По повод јубилејот организираме различни активности, а оваа е една од нив. И овој пат повторно се покажавме како успешни домаќини. Манифестацијата е и по повод 25 години од државноста на Република Македонија - информира Ристо Анѓушев, претседател на ИО на кавадаречкото здружение на пензионери.

На манифестацијата која имаше ревијален карактер, традиционално се исполнуваат староградски и изворни македонски народни песни. Пензионерите велат дека на ваквите средби припадниците од третата доба се дружат, разменуваат искуства и покажуваат дека и пензионерскиот живот може да биде убав само ако се осмисли.

Мартина Јованова

ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ДОКТОРИТЕ САМИ ЗА СЕБЕ“ ОД ПАВЛИНА КОШЕВЕЦ

# Книга за битките за здравјето и животот




Чудни се патиштата на животот. Моето прво вработување како лекар од општа практика беше во Радовиш. Неколку месеци по моето завршување на работниот век, односно пензионирање, бев поканета во Радовиш да присуствувам на промоција на книгата „Докторите сами за себе“, дело на професорката по книжевност и литература Павлина Кошевец, исто така, пензионерка. Настанот се одржа на 7 септември 2016 година во Домот на културата во истоимениот град. На промоцијата присуствуваа голем број граѓани од сите возрасти и дејности, гости од другите градови. Меѓу нив имаше пензионирани доктори, медицински сестри и други здравствени работници, како и синови и ќерки на оние лекари кои не се веќе меѓу нас.

Салата на Домот на културата беше преполна, што беше доказ дека оваа монографија на авторката Павлина Кошевец предизвика голем интерес. Промотори на монографијата беа директорот на ЗД Радовиш, др. спец. по ОРЛ, Ванчо Ристов и прим. магистер по фармација, Илчо Захариев, кој воедно е и градоначалник на општината Штип. Тие ги истакнаа позитивните вредности кои ги содржи оваа монографија и ја оценија како дело од историска вредност за развојот на здравствената дејност во Радовиш и Радовишко. Особено ги истакнаа ентузијазмот и умешноста на една професорка да навлезе во сосема друга област, а тоа е здравствената дејност. Книгата изобилува со факти и документирано го следи целокупниот развој на оваа дејност во општината. Но она што е особено значајно е тоа што во книгата голем простор му е даден на човечкиот фактор, основниот елемент на оваа дејност. Во монографијата се поместени факти за луѓето кои како доктори, медицински сестри, техничари и други здравствени работници ја воделе битката за здравјето и животот на своите сограѓани. Од нивните пишани искази се дознава со какви се ситуации се соочувале во таквите битки. Од секој збор и реченица се гледа нивниот хуманизам, ентузијазмот и љубовта кон човекот и животот.

Инаку, промоцијата се одвиваше во прекрасен дух и атмосфера на своевиден времеплов, кој го доловија ученици од гимназијата во Радовиш, под раководство на авторката, нивна поранешна професорка. Тие читаа извадоци од исказите на докторите и другите медицински лица, преку кои аудиториумот имаше можност да се запознае со нивните секојдневни предизвици, успеси, а понекогаш и разочарувања во борбата да се помогне и да се спаси човечки живот.

Дина Бојкова

ЈУБИЛЕЈНА УЧИТЕЛСКА СРЕДБА ВО ШТИП

# Пионери на просветната и културната дејност

**Во Штип, градот под Исарот, неодамна се одржа јубилејна средба по повод седум децении од почетокот на воспитно-образовниот процес на македонски литературен јазик. Во септември 1946 година, во овој град почна со работа учителската школа „Гоце Делчев“. Во наредните 17 учебни години во неа беа оспособени 1.700 учители кои со дневник в рака ја водеа благородната битка за знаење, описменувајќи илјадници деца низ Македонија, најмногу од нејзиниот источен дел**



Полни со елан и ентузијазам, вооружени со педагошки знаења, вредни момчиња и девојки станаа пионери на просветната и културна дејност, совладувајќи ги сите препреки на патот кон успехот. Вљубени во децата, станаа сопатници на детството. Во радоста на своите ученици ја препознаваа и сопствената радост. Затоа и денес, кога се среќаваат со нив како инженери, лекари, професори, министри, добри работници..., знаат дека нивниот труд е награден.

- Штипската „Сорбона“, како што популарно ја нарекуваа учителската школа „Гоце Делчев“, беше препознатлива по својата добра програмска поставеност, но и по богатите вонучилишни, спортски и други активности. Тие вредности, а пред се квалитетниот професорски и воспитувачки кадар, овозможуваа школата да оствари голема просветна и културна мисија. Во летописот е запишано: голем број од тогашните ученици завршиле виши педагошки школи и факултети, 11 магистрирале, 17 докторирале, станале универзитетски професори, амбасадори, министри и писатели - нагласува проф. д-р Атанас Николовски, ученик во првата генерација, а потоа и професор по македонски јазик во истата школа.

Некогашните момчиња и девојки, денес активни пензионери, се напојуваат од нектарот на убавиот светол збор - учител. Сеќавање на едно незаборавно време кое е синоним на љубов и самопрегор. Возбуда, прегратки и средба со минатото.

- Тој милозвучен збор е благодарност за првата средба со азбуката, за првиот чекор во волшебниот свет на бројките, историјата, географијата... Тој убав збор ние им го подаруваме на своите учители, а нашите ученици нам - се слушна растреперениот глас на струмичанецот Иван Котев, пример за сестран интелектуален растеж: учителот станува наставник, наставникот - професор. Тој секогаш имал љубов и време за двете благородни дејности: дружба со учениците и со микрофонот в раце како неуморен собирач и проучувач на македонското фолклорно богатство, за што е добитник на највисокото признание на Струмица.

- И денес, по многу децении, кога се навраќаме на нашиот животен пат и позив, без лажна скромност можеме да констатираме дека сме оставиле траен белег во времето - ја продолжува неговата мисла Тихомир Андонов од Свети Николе. По учителствувањето во Чашка, Конче и Горобинци, откако станал наставник по историја и географија, се вработил во ОУ „Гоце Делчев“ во родниот град, каде што останал до крајот на работниот век.

Доследен на својата професија бил и Слободан Поповски, со особен придонес во физичката култура. Овој белокос дедо на четири внучиња, длабоко навлезен во осмата деценија на животот, бил учител, фудбалер и тренер во повеќе клубови низ нашата земја, а повеќе од 15 години воспитувал љубов кон спортот кај своите ученици во ОУ „Св. Климент Охридски“ во Делчево.

- Среќен сум што многу мои ученици го избраа спортот за животна професија - вели со задоволство Поповски.

И така, колку луѓе толку приказни, животни врвици. Секоја одделна, а сепак по нешто сите слични. Сите тие овој голем јубилеј го доживуваат како нешто свето, најубаво во својот живот. Сопружниците Галина и Душан Мицевски, Трајче Николовски, Љубомир Ристов, Тодор Димитров, Диванис Иванов и другите учесници на средбата чувствуваа и возбуда и носталгија. Истовремено изразија верба во новото време кое носи современи погледи, средства и методи во работата со младите генерации.

Перо Миленкоски

ЗП-ДЕБАР И ЦЕНТАР ЖУПА

# Хотелски понуди наместо старечки дом

Во последно време во Дебар и околината видно е зголемен бројот на стари лица кои поради силната миграција на населението живеат осамени. И покрај тоа што на оваа тема веќе е разговарано во повеќе институции, сепак досега нема конкретни активности на тој план. Во недостиг на институција која на организиран начин ќе ги згрижи старите осамени лица во еден објект, веќе има иницијативи од приватниот сектор во врска со оваа проблематика. Г'зим Аме, дебарскиот бизнисмен и сопственик на хотел-ресторанот „Беса“, кој се наоѓа во близина на реката Радика, на Дебарско Езеро и Дебарски Бањи - „Цапа“ во селото Долно Косоврасти, неодамна изјави дека прима понуди за сместување на стари осамени лица во неговиот хотел. Аме додава дека чистата животна средина, убавините на околината, како и условите што ги нуди за потребите на лицата од третата доба кои сега живеат осамени во своите куќи се мошне добри. Тој истакнува дека е свесен дека осамените стари лица се од различни категории и дека меѓу нив има и лица со нагласено социјални проблеми, па заради тоа тој нуди целодневен престој со спиење и со три оброци, заедно со медицинска грижа, за само 400 денари. Но исто така, за оние лица кои сакаат да добијат одделни услуги има уште две други тарифи. Овие тарифи се однесуваат, пред се, за оние стари лица кои се враќаат од иселеништво, каде што работеле и живееле, а сега пензионерските денови сакаат да ги минат во родниот крај. Добар дел стари лица кои се осамени ја поздравуваат иницијативата на Аме, а според него задоволство искажуваат и претставниците на здружението на пензионерите од Дебар и Центар Жупа. Тој додава дека ќе конкурира и официјално да добие законско право за да отвори Дом за стари лица токму во овој хотел, кој во целост ги исполнува условите за потребите на старите лица. Иницијативата што ја има преземено бизнисменот Г'зим Аме е поздравена и од населението во Дебар и Жупа. Аме вели дека тој веќе има обезбедено и медицински персонал и негувателки во неговиот хотелски капацитет во Долно Косоврасти.

Во врска со овој проблем, претседателот на собранието на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Бесник Поцеста, вели дека Дебар има потреба од отворање старечки дом и додава дека ист став има и Сојузот. И пензионерот во иселеништво, Синан Фишта, кој сега е во Дебар, а повеќе децении живеел во САД, смета дека и градот и селата треба да имаат вакви објекти.

Вјолца Садику

ЗП-ВЕВЧАНИ

# Промоција на книгата „Зборчовек“ од Драган Јанкоски



Во рамките на годинашното Вевчанско културно лето - ВЕВКУЛ 2016, Академијата на убави уметности од Вевчани, во кино-салата организираше промоција на најновиот труд „Зборчовек“од професорот во пензија д-р Драган Јанкоски. Промотори на книгата беа пензионираните академици Јован Стрезовски, писател од Струга и долгогодишен директор на „Струшките вечери на поезијата“ и проф. д-р Александар Стерјовски од Битола. Промоторот Стрезовски мошне сликовно ги образложи сите поглавја на книгата, која има над 400 страници, а Александар Стерјоски зборуваше за ликот на проф. д-р Драган Јанкоски.

Драган Јанкоски е роден во 1940 година во Вевчани. Средно образование завршил во учителската школа „Никола Карев“ и дипломирал на Филозофскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрирал на Факултетот за политички науки во Белград. Доктор е на педагошки науки. Професионалната наставничка кариера му се одвива чекор по чекор низ сите фази на образовната пирамида, од учител до редовен професор на Факултетот за учители во Битола.

Исто така, Јанкоски има долгогодишно богато, разновидно и особено успешно искуство во остварувањето раководни функции во образовната дејност. Учествувал во работата на многубројни и од висок ранг општествени и стручно-научни органи и тела. Покрај научното звање - доктор на науки и наставното, редовен универзитетски професор, носител е и на највисокото стручно звање, самостоен педагошки советник и професионално, особено истакнат педагошки работник.

Фрагменти од книгата читаа неговите внуци Ефимија и Звездана Дуцкиновиќ и Јана и Драган Јанкоски, а на крајот од промоцијата авторот им се заблагодари на сите 150 присутни љубители на книгата кои ги имаше од Охрид, Струга, Дебар, Река, Демир Хисар, Битола, од Вевчани и околните села.

Стојан Кукунешоски

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С.Андонова, Мендо Димовски од СЗПМ, Александар Димковски и Ненад Андонов од „Нова Македонија“